Арх. знак 1501
Рок на чување ТРАЈНО
25.04. 2019 год.
Потпис

**Бр. 15-477/2**

# ЗАПИСНИК

од седницата на Централна изборна комисија одржана на ден 25.04.2019 година.

На седницата присуствуваа д-р Ненад Цветановски, претседател на Комисијата, д-р Костадин Митев и д-р Милан Нацевски. На седницата не присуствуваа д-р Александар Стојановски и д-р Ридван Алили и покрај тоа што го најавија своето присуство.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на Централната изборна комисија, д-р Ненад Цветановски го предложи следниот дневен ред:

-Усвојување на Предлог-дневниот ред

1. Усвојување на записник од претходната седница

2. Разгледување на Одлука од Собрание на СКМ за спроведување на избори за дополнување на членови и делегати во Собранието на СКМ од РО Гостивар и пополнување на членови во РО Гази Баба

3. Разно

- Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен.

1. Записникот од претходната седница на Централна изборна комисија од 23.03.2019 година беше едногласно усвоен без забелешки и дополнување.

2. По однос на оваа точка, членовите на ЦИК побараа да се дополни Одлуката бр. 02-458/9 од Собранието на СКМ за спроведување на избори за членови во регионални одбори и делегати на Собрание на СКМ за РО Гостивар и за избор за пополнување на членови во РО Гази Баба, односно за колку членови треба регионалните одбори да гласаат, кои членови се исклучени од органите и телата на СКМ и по кој основ.

Централната изборна комисија донесе Одлука за спроведување на избори за членови во регионални одбори и делегати на Собрание на СКМ за РО Гостивар и за избор за пополнување на членови во РО Гази Баба. Истата на 02.05.2019 година да се испрати до претседателите на РО Гостивар и РО Гази Баба со рок за свикување на Собир на доктори од 03-06.05.2019 година. Рокот за доставување на кандидатурите е до 13.05.2019 година.

Централната изборна комисија ќе одржи состанок на 14.05.2019, вторник со почеток од 13 часот за разгледување на доставените кандидатури.

Членовите на Централната изборна комисија побараа да им се достави записникот од Собрание и корегираната Одлука.

3. По однос на оваа точка, Комисијата се договори по завршување на изборите да се состанат за да дадат предлози за измена на Правилникот за избор и отповикување на членови во регионални одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошка комора на Македонија.

**ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Д-р Ненад Цветановски